Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА –

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање за мислење дали ангажманот на директорот и заменикот на директорот на Агенцијата за национална безбедност како предавачи на универзитет претставува судир на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија„, бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

**МИСЛЕЊЕ**

Државната комисија известува дека ангажманот на директорот и заменикот на директорот на Агенцијата за национална безбедност како предавачи на универзитет преставува судир на интереси.

Имено, согласно член 44 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: *„Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.“*

Но, согласно член 17 став 1 од Законот за Агенцијата за национална безбедност, кој претставува Lex Specialis, е предвидено следното: *„Функцијата директор и функцијата заменик на директор се врши професионално и е неспоива со извршување на друга јавна функција и професија.“*

Врз основа на цитираните одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и од Законот за Агенцијата за национална безбедност, директорот и заменикот на директорот на Агенцијата за национална безбедност не можат да бидат ангажирани како предавачи на универзитет.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk